РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.30.00.УП.006.03

# УПАТСТВО
# ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ

Март 2023

# Историја на документ

| Издание | Датум на издание | Опис | Направени промени | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Опис на промената | Променети страници/ точки/глави |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 01 | 22.05.2018 | Прво издание | / | / |
| 02 | 30.07.2019<br>22-03-2023 | Второ издание | Нови точки<br><br>Изменети точки<br><br>Избришани ставови и точки | Т. 4,5,7,8,9,11 и 20<br><br>Т. 5,6,7,18, 21 и 22<br><br>Од ст. 2 ал. 2 и 3 од т.8, од ст.2 ал.3 и 4 од т.17, т. 9, 10, 14, 15, 16, 25,26 и 30 |
| 03 | 22-03-2023 | Трето издание | Изменети точки | Вовед, т. 15 и 20 |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Врз основа на член 7 став 4 од Законот за Царинска управа („Сл.весник на РМ" број 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/2012, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15 23/16, 120/18, 248/18 и „Сл.весник на РМ" број 122/21) директорот на Царинската управа на Република Северна Македонија донесе

# УПАТСТВО
# ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ

## I. Општи одредби

1. Со ова Упатство се опишува начинот на вршење на застапување во царинските постапки и се определува образецот на полномошното за застапување во царинските постапки.

2. Правен основ за вршење на застапување во царинските постапки претставуваат членот 5 од Царинскиот закон, одредбите на Законот за вршење на работи на застапување во царинските постапки[1] и Правилникот за доказите за исполнетост на условите за издавање на одобрение за вршење на работи за застапување во царинските постапки и на условите за издавање на лиценца за вршење на застапување во царинските постапки, формата и содржината на барањето за издавање на одобрение за вршење на работи на застапување во царинските постапки, на барањето за издавање на лиценца за вршење на застапување во царинските постапки, на барањето за издавање на легитимација на лиценциран застапник, и на легитимацијата за лиценциран застапник како и висината на надоместоците за издавање на лиценца за вршење на застапување во царинските постапки и за издавање на легитимација на лиценциран застапник[2] (во понатамошниот текст Правилник), според кои секое лице може да определи застапник кој ќе го застапува пред царинскиот орган заради спроведување на дејствија и формалности

---

[1]Царинскиот закон и Законот за вршење на работи на застапување во царинските постапки со сите нејзини измени, како екстерни акти, се објавени во Депозитарот на документацијата на царинската управа

[2]Правилникот за доказите за исполнетост на условите за издавање на одобрение за вршење на работи за застапување во царинските постапки и на условите за издавање на лиценца за вршење на застапување во царинските постапки, формата и содржината на барањето за издавање на одобрение за вршење на работи на застапување во царинските постапки, на барањето за издавање на лиценца за вршење на застапување во царинските постапки, на барањето за издавање на легитимација на лиценциран застапник, и на легитимацијата за лиценциран застапник како и висината на надоместоците за издавање на лиценца за вршење на застапување во царинските постапки и за издавање на легитимација на лиценциран застапник, како екстерен акт, е објавен во Депозитарот на документацијата на царинската управа

пропишани со царинските прописи, кој има одобрение и лиценца за застапување во царинските постапки.

3. Застапувањето го врши правно лице или трговец поединец кој има статус на овластен царински застапник, односно лице на кое Царинската управа му има издадено Одобрение за вршење на работи на застапување во царинските постапки, на начин и постапка определени со одредбите на членот 5 од Законот за вршење на работи на застапување во царинските постапки и Правилникот.

   Лицето од ставот 1 на оваа точка застапувањето го спроведува преку лиценциран застапник, односно лице кое има лиценца за вршење на застапување, издадена од Царинската управа.

4. Поднесувањето на извозна и увозна декларација како и сите барања кои се поднесуваат во модулот МЕОС ( постапки со економски ефект, поедноставени постапки, барање за издавање на лиценци и одобренија за застапување во царински постапки и барањето за одложено плаќање на царински долг) и извршувањето на формалностите во царинска постапка, задолжително се врши со употребата на техника за електронска обработка на податоци, при што своерачните потписи на економските оператори се заменуваат со дигитален потпис.[3]

## II.Употребени поими

5. Поимите кои се користат во ова упатство го имаат следното значење:
   - СОЦДАД е компјутерски систем составен од повеќе модули за размена на електронски пораки помеѓу економските оператори и надлежните царински органи, како и помеѓу самите царински органи;
   - МЕОС е модул од компјутерски систем СОЦДАД во кој што економските оператори ги поднесуваат барањата заради издавање на одобренија за постапки со економски ефект, поедноставени постапки, одобренија за

[3]За да можат економските оператори да поднесуваат извозни декларации и да ги извршуваат формалностите со користење на СОЦДАД претходно мора да им се одобри пристап до СОЦДАД. Одобрувањето на пристапот , подетално е опишан во Прирачникот за начинот, постапката и условите за одобрување на пристап до Системот за обработка на царински декларации и акцизни доиументи (СОЦДАД)

издавање на лиценци и одобренија за застапување во царински постапки и одобренијe за одложено плаќање на царински долг.

## III. Видови на застапување

6. Застапувањето во царинските постапки може да биде:
   - **директно**, кога застапникот презема дејствија во име и за сметка на друго лице или
   - **индиректно**, кога застапникот презема дејствија во свое име, но за сметка на друго лице.

7. Електронската декларација е задолжителна, додека хартиените декларации се применуваат само во случај на примена на резервна постапка.

8. Царинска декларација во електронска форма во системот СОЦДАД или на образец ЕЦД во случај на резервна постапка од страна на царински застапник до надлежната царинска испостава може да поднесе само лице кое има Лиценца за вршење на застапување издадена од Царинската управа.

   Во рубрика 14 од електронската царинска декларација системот автоматски ги вчитува податоците на декларантот односно застапникот со самото пријавуање во систем, а по претходно одобрен пристап до истиот. Имено, се вчитуваат следните податоци: назив и адреса на декларантот или застапникот, неговиот даночниот број со префикс МК. Во случај кога нема застапување оваа рубрика е идентична со рубрика 2. За да се одреди декларантот или статусот на застапникот, се запишува соодветната шифра од Прилог 2 на ова Упатство.

   Во случај на хартиена односно резервна постапка, во ЕЦД образецот се запишуваат назив и адреса на декларантот или застапникот и неговиот даночен број.

   Во рубриката 44 од електронската царинска декларација се запишуваат следниве податоци: бројот на одобрението за вршење на работи на застапување и бројот на полнимошното.

9. Во рубрика 54 од електронската царинската декларација, во случај кога нема застапување, се запишува име и презиме на лицето кое е овластено за потпишување на декларации од страна на одговорното лице на економскиот оператор . Ова лице ја оверува рубрика 54 со електронски потпис.

Во случај на застапување, без оглед на видот на застапување, оваа рубрика ја оверува застапникот со електронски потпис. При тоа се запишуваат следниве податоци: бројот на одобрение за вршење на работи за застапување на застапникот, бројот на царинската лиценца за вршење на работи за застапување на лицето кај застапникот, како и негово име и презиме

## III.1. Случаи кога нема застапување

10. Кога декларантот е и увозник/извозник, и истиот настапува во свое име и за своја сметка, во рубриката 14 од царинската декларација се внесува ознаката 1. Во овој случај должник е самиот тој и е одговорен за плаќање на царинскиот долг, како и за плаќање по дополнителна пресметка на царинскиот долг и за евентуалните царински прекршоци. Оваа рубрика задолжително се пополнува во електронската декларацијата. Податоците од рубриката 14 се идентични со податоците од рубрика 2 или рубрика 8 во зависност од видот на декларацијата.

11. Во овие случаи не е предвидено поднесување на полномошно, рубриките 14 ги пополнува декларантот/застапникот со своите податоци, без оглед на тоа кој е увозник или извозник на стоката. Во рубриката 14 се вчитуваат податоците за декларатнот кој е најавен во системот и тоа назив и адреса на декларантот, поштенски број, град, шифра на земја и даночен број со префикс МК. Во случај кога нема застапување оваа рубрика е идентична со рубрика 8.

Во рубрика 54 декларантот внесува место и датумот на поднесување на декларацијата

12. Застапување нема во случај на спроведување на транзитна постапка.

## III.2. Случаи кога има застапување

13. Во случај на застапување, без оглед на видот, во рубриката 14 се запишуваат податоци за застапникот согласно одредбите од Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и Кодексот на шифри кои се употребуваат при пополнување на царинската декларација.

14. Кога во рубриката 14 од царинската декларација пред називот, адресата и даночниот број на застапникот е внесена ознаката 2, значи дека се работи за директно застапување. Во оваа рубрика се внесуваат податоци и за застапникот и за увозникот/извозникот на стоката.

    Во овој случај застапникот настапува во име и за сметка на увозникот/извозникот. Во царинската постапка декларант е всушност увозникот/извозникот и истиот е одговорен за плаќање на царинскиот долг и за евентуалните дополнителни пресметки на царинскиот долг и царински прекршоци. Директен застапник е самото лице кое ја пополнува и поднесува царинската декларација. За разлика од индиректното застапување, застапникот и застапуваното лице кај директното застапување не ја делат солидарно одговорноста, како ни царинскиот долг. Целата одговорност за постапката за предметната царинска декларација е на застапуваното лице.

    Кога во рубрика 14 од царинската декларација пред називот, адресата и даночниот број на застапникот е внесена ознаката 3, се работи за индиректно застапување, што значи дека застапникот пред царинскиот орган настапува во свое име, а за сметка на увозникот/извозникот. И во овој случај во рубриката 14 се внесуваат податоци и за застапникот и за увозникот/извозникот на стоката.

    Во овој случај декларант е застапникот. Увозникот/извозникот и застапникот солидарно одговараат за плаќање на царинскиот долг и за евентуалните дополнителни пресметки на царинскиот долг и царински прекршоци.

## III.3. Поднесување на полномошно до царинскиот орган

15. Застапникот во царинските постапки пред надлежната царинска испостава мора:

- да изјави дека презема дејствија за сметка на лицето кое го застапува,
- да наведе дали застапувањето е директно или индиректно,
- да докаже дека е овластен да презема дејствија како застапник.

За таа цел, застапникот на царинскиот орган му доставува полномошно. Пример за тоа како треба да изгледаат обрасците на полномошното со минимум податоци кои треба да се наведат се достапни на интернет страната на Царинската управа www.customs.gov.mk и тоа:

-01.30.00.УП.006.03 - ОБ.01.03 Полномошно за директно застапување
-01.30.00.УП.006.03 - ОБ.02.03 Полномошно за директно застапување -ЗУЈ
-01.30.00.УП.006.03 - ОБ.03.03 Полномошно за индиректно застапување
-01.30.00.УП.006.03 - ОБ.04.03 Полномошно за индиректно застапување-ЗУЈ[4]

16. Полномошното може да се однесува за преземање на дејствија во повеќе царински постапки на подолг временски рок и да има важност во повеќе царински испостави или да се однесува за конкретна царинска постапка.

17. Лицето кое нема да изјави пред царинскиот орган дека презема дејствија во име и за сметка на друго лице, или кое ќе изјави дека презема дејствија во име и за сметка на друго лице без да биде овластено за тоа, се смета дека презема дејствија во свое име и за своја сметка. Во овој случај должник е самиот тој и е одговорен за плаќање на царинскиот долг, како и за плаќање по дополнителна пресметка на царинскиот долг и за евентуалните царински прекршоци.

18. Во полномошното кое што го пополнуваат давателот на полномошното и ополномоштеното лице, треба јасно да бидат наведени овластувањата што давателот на полномошното му ги дава на застапникот.

Полномошното задолжително ги содржи следните податоци:

- деловоден број од евиденцијата на давателот на полномошното,
- деловоден број од евиденцијата на примателот на полномошното,

---

[4] Образците од ова Упатство кои се означени со кратенка ЗУЈ ( Закон за употреба на јазиците ) се издаваат/ користатт од страна на организационите единици на Царинската управа кои покриваат најмалку една единица на локалната самоуправа во која најмалку 20% од граѓаните зборуваат албански јазик и кога странката ( учесникот) во постапката го зборува албанскиот јазик.

- назив на давателот на полномошното (увозник/извозник), даночен број, адреса на седиштето, податоци за овластеното лице
- назив на примателот на полномошното, даночен број, податоци за овластеното лице,
- вид на застапување,
- период на важност на полномошното,
- датум на отповикување на полномошното,
- царинска испостава или листа на царински испостави каде што важи полномошното и
- вид на дадени овластувања.

### III.4.Евиденција на полномошно

19. Полномошното во хартиена форма, економскиот оператор го поднесува кај царинскиот орган за ставање на стоката во постапка, во оригинал. Кон полномошното се поднесува и решение/тековна состојба не постара од 6 месеци. Царинскиот службеник преку модулот МЕОС (Управување со економски оператори) ја избира функцијата управување со доказ за полномошно, па потоа ја одбира опцијата пребарај доказ за полномошно и по извршената проверка на внесените податоци, го прифаќа барањето за и го одобрува предметното полномошно. По прифаќање на барањето системот СОЦДАД во модулот МЕОС автоматски доделува електронски број на самиот документ односно електронски број на полномошното.

20. Секое поднесено полномошно се евидентира во СОЦДАД.Надлежни за внесување на полномошното во евиденцијата се вработените во царинските испостави каде што се поднесува полномошното. Директното и индиректното полномошно (образец 01.30.00.УП.006.03- ОБ.01.03 Полномошно за директно застапување и 01.30.00.УП.006.03-ОБ.03.03 Полномошно за индиректно застапување и Полномошно за директно застапување ЗУЈ образец 01.30.00.УП.006.03-ОБ.02.03 и Полномошно за индиректно застапување ЗУЈ образец 01.30.00.УП.006.03-ОБ.04.03) прифатени и евидентирани на овој начин се сметаат за валидни за сите царински испостави наведени во него се до нивното отповикување.

21. Давателот на полномошно е должен писмено да го извести царинскиот орган за отповикување на полномошното, како и за секоја настаната промена во

истото, по што надлежниот царински службеник од организационата единица каде што било поднесено полномошното спроведува соодветна постапка од модулот МЕОС за откажување на полномошното.

## IV.Завршни одредби

22. Одговорни за спроведување на ова Упатство се царинските службеници од надлежните Царинарници.

23. Сите непосредни раководители се должни со ова Упатство да ги запознаат вработените во организационата единица со која раководат.

24. Надлежни за предлагање на измени и дополнувања на ова Упатство се помошникот директор на Секторот за царински систем и управниците на царинарниците.

25. Секторот за царински систем, во соработка со Секторот за управување со човечки ресурси и Секторот за инфоматички и комуникациски технологии, е должен веднаш по потпишувањето на ова Упатство, истото да го направи достапно до сите вработени во Царинската управа, согласно Процедурата за депозитар на документација.

26. Секое постапување спротивно на одредбите на ова Упатство ќе биде предмет на утврдување на дисциплинска одговорност.

27. Со донесување на ова Упатство престанува да важи 01.30.00.УП.006.02 Упатството за начинот на вршење на застапување во царинските постапки на Царинската управа број 01-045407/18-0002 од 30.07.2019 година.

28. Ова Упатство стапува на сила со денот на неговото потпишување,

Директор,
м-р Славица Кутиров

Бр. 01-045407/18-0003
Скопје, 22-03-2023 година

Изработил: Татјана Паговска
Одобрил: Гордана Динеска
Согласен: Офелија Бајо

Обрасци:

01.30.00.УП.006.03-ОБ.01.03 Полномошно за директно застапување

01.30.00.УП.006.03-ОБ.02.03 Полномошно за директно застапување ЗУЈ

01.30.00.УП.006.03-ОБ.03.03 Полномошно за индиректно застапување

01.30.00.УП.006.03-ОБ.04.03 Полномошно за индиректно застапување ЗУЈ

| | |
|---|---|
| Упатството го подготви: | Сектор за царински систем |
| Примателите: | Директор<br>Заменик директор,<br>Советници на директорот,<br>Помошници директори на сектори,<br>Началници на независни одделенија<br>Управници на царинарници |
| Примерок доставен за : | Интерна и екстерна употреба |
| Оригиналот се чува во: | Сектор за царински систем<br>Архива |

# Полномошно за директно застапување/Autorizim për përfaqësim të drejtpërdrejtë

## 1. Податоци за давателот на полномошното/Të dhënat e dhënësit të autorizimit

Назив/Emërtimi

Одговорно лице/Personit përgjegjës

Седиште/Selia

Адреса/Adresa

ЕДБ/NVT

Телефон/факс/Telefoni/faksi

E-mail/Emaili

## 2.Податоци за примателот на полномошното/Të dhënat e pranuesit të autorizimit

Назив/Emërtimi

Одговорно лице/Personi përgjegjës

Седиште/Selia

Адреса/Adresa

ЕДБ/NVT

Телефон/факс/Telefoni/faksi

E-mail/Email

**Го овластувам/e autorizoj**

________________________________________ да не застапува за/që të na përfaqësojë për

(назив на застапникот)/(emërtimi i përfaqësuesit)

1. Број на одобрение за вршење на работи на застапување/Numri i lejes për kryerjen e punëve të përfaqësimit

| | |
|---|---|
| AUN (електронски број од системот СОЦДАД)/AUN | |

| | |
|---|---|
| (numri elektronik i sistemit SPDDDA | |

2. да потпишува во наше име и за наша сметка **(ДИРЕКТНО ЗАСТАПУВАЊЕ)**/të nënshkruajë në emrin tonë dhe në llogarinë tonë **(PËRFAQËSIM TË DREJTPËRDREJTË)**

a) царински декларации и нивни измени и дополнувања/deklarime doganore dhe ndryshimin dhe plotësimin e tyre

b) прием на одлуки и решенија од царинските органи кои се во врска со постапката по царинските декларации споменати во точка а)/pranimin e vendimeve dhe aktvendimeve nga organet doganore që lidhen me procedurën pas deklarimeve doganore të përmendura në pikën a)

c) откажување од право на жалба/heqje dorë nga e drejta për ankesë

ç) записници за наод/procesverbale për gjendjen

3.. да може да ги презема сите дејствија кои произлегуваат од царинските формалности, вклучувајќи и поднесување на приговор, односно, жалба, што се во врска со царинските декларации споменати во точка 2/të mund t'i bëj të gjitha veprimet që dalin nga formalitetet doganore, përfshirë edhe dorëzimin e kundërshtimit përkatësisht ankesës, që lidhen me deklarimet doganore të përmendura në pikën 2

4. да може да прифати во наше име секакви плаќања пред царинските органи/të mund të pranojë në emrin tonë çfarëdo lloj të pagesave para organeve doganore

5. да може да извршува други работи барани од царинските органи во процесот на царинење/të mund të realizojë punë të tjera që i kërkojnë organet doganore në procesin e doganimit

Го овластувам застапникот наведен во ова полномошно, кој работи на застапување во царинските постапки да ги пренесува горе наведените надлежности на вработените од својата компанија кои јасно настапуваат како негови вработени/E autorizoj përfaqësuesin e përmendur në këtë autorizim, që merret me përfaqësim në procedurat doganore t'i bart lart kompetencat e përmendura të punonjësve nga kompania e tij që qartë paraqiten si punonjës të tij

Се обврзувам да се придржувам кон царинските прописи поврзани со увоз, извоз и транзит на стоки, особено за чување на сите документи кои се однесуваат на царинските постапки извршени врз основа на ова полномошно, во временски период од 5 години и да ги ставам на увид на царинските

органи во случај на упатено барање/Obligohem t'u përmbahem rregullave doganore që lidhen me importin, eksportin dhe transitin e mallrave, sidomos për ruajtjen e të gjitha dokumenteve që kanë të bëjnë me procedurat doganore të realizuara në bazë të këtij autorizimi, në periudhë kohore prej 5 viteve dhe t'i vendos në shqyrtim të organeve doganore në rast të kërkesës së dërguar

Ова полномошно важи од денот на прифаќање во наведената царинска испостава/царинарница и неговата важност е до неговото отповикување во писмена форма во истата царинска испостава/царинарница/Ky autorizim vlen nga dita e pranimit të filialit/pikës së përmendur doganore dhe vlefshmëria e tij është deri në tërheqjen e tij në formë të shkruar në filialin e njëjtë doganor

| | | | |
|---|---|---|---|
| Важност на полномошното од/Vlefshmëria e autorizimit nga | | Датум на отповикување/Data e tërheqjes | |
| Број од евиденцијата на давателот/Numri i evidencës së dhënësit | | | |
| Датум/Data | | | |
| Место/Vendi | | | |

**<u>Изјава на примателот на полномошно/Deklarata e pranuesit të autorizimit</u>**

| | |
|---|---|
| Примател на полномошно/Pranuesi i autorizimit | |
| Седиште/Selia | |
| Одговорното лице/Personi përgjegjës | |
| ЕМБГ/NVAQ | |
| Одобрение за застапување во царинските постапки бр/Miratim për përfaqësim në procedura doganore | |

**Изјавувам дека/Deklaroj se:**

1. Го прифаќам ова полномошно/E pranoj këtë autorizim
2. Запознат-а сум со одредбите на Царинскиот закон и подзаконските акти во врска со тоа дека царинската декларација мора да биде потпишана од овластено лице и дека застапникот со поднесување на декларацијата ја потврдува точноста на содржаните податоци, автентичноста на приложените документи и придржување кон преземените обврски кои произлегуваат од ставањето на стоките во рамки на предложена царинска постапка, со одговорност на лицето кое ја има потпишано царинската декларација/Jam i/e njohur me dispozitat e Ligjit të Doganës dhe akteve nënligjore në lidhje me atë se, deklarata doganore duhet të nënshkruhet nga person i autorizuar dhe se përfaqësuesi me paraqitjen e deklaratës vërteton saktësinë e të dhënave që përmban, vërtetësinë e dokumenteve të bashkangjitura dhe respektimin e obligimeve të marra që dalin nga vendosja e mallrave në kuadër të procedurës së propozuar doganore, me përgjegjësi të personit që e ka nënshkruar deklaratën doganore.
3. Се обврзувам да го поднесеме ова полномошно во било кое време, на барање од царинскиот орган/Obligohem ta dorëzojmë këtë autorizim në çfarëdo kohe, me kërkesë të organit doganor
4. Се обврзувам да ги проследам до давателот на полномошно документите поврзани со дејствијата произлезени од ова полномошно, по ставање на стоките во рамки на царинска постапка/Obligohem t'i përcjellë deri te dhënësi për autorizim dokumentet lidhur me veprimet që dalin nga ky autorizim, pas vendosjes së mallrave në suazat e procedurës doganore
5. Се обврзувам надлежностите прифатени со ова полномошно да ги пренесеме само на вработените од компанијата со посебно овластување во писмена форма/Obligohem kompetencat e pranuara me këtë autorizim t'ua bartim vetëm punonjësve të kompanisë, me autorizim të posaçëm në formë të shkruar

| | |
|---|---|
| **Име и презиме/Emri dhe mbiemri** | |
| Број од евиденцијата на примателот/Numri i evidencës së pranuesit | |
| Датум/Data | |

| | | |
|---|---|---|
| Место/Vendi | | Потпис и печат/Nënshkrimi dhe vula |

**<u>Пополнува Царинската управа/Plotëson Drejtoria e Doganës</u>**

1. Број на внесот во евиденцијата/Numri i vendosjes në evidencë

Датум/Data

Потпис/Nënshkrimi

(м.п.)/(v.v) ______________________

# Полномошно за индиректно застапување

## 1. Податоци за давателот на полномошното

Назив:
Одговорно лице:
Седиште:
ЕДБ:
E-mail:

Адреса:
Телефон/факс:

## 2. Податоци за примателот на полномошното

Назив:
Одговорно лице:
Седиште:
ЕДБ:
E-mail:

Адреса:
Телефон/факс:

**Го овластувам** ______________________________ да не застапува за :

(назив на застапникот)

1. Број на одобрение за вршење на работи на застапување

| | |
|---|---|
| AUN (електронски број од системот СОЦДАД) | |

2. Да потпишува во свое сопствено име и за наша сметка **(ИНДИРЕКТНО ЗАСТАПУВАЊЕ)**:

а) царински декларации и нивни измени и дополнувања,

б) прием на одлуки и решенија од царинските органи кои се во врска со постапката по царинските декларации споменати во точка а),

в) откажување од право на жалба,

г) записници за наод,

3. Да може да ги презема сите дејствија кои произлегуваат од царинските формалности, вклучувајќи и поднесување на приговор, односно, жалба, што се во врска со царинските декларации споменати во точка 2,
4. Да може да прифати во наше име секакви плаќања пред царинските органи,
5. Да може да извршува други работи барани од царинските органи во процесот на царинење.

Го овластувам застапникот во ова полномошно, кој работи на застапување во царинските постапки да ги пренесува горе наведените надлежности на вработените од својата компанија кои јасно настапуваат како негови вработени.

Се обврзувам да се придржувам кон царинските прописи поврзани со увоз, извоз и транзит на стоки, особено за чување на сите документи кои се однесуваат на царинските постапки извршени врз основа на ова полномошно, во временски период од 5 години и да ги ставам на увид на царинските органи во случај на упатено барање.

Ова полномошно важи од денот на прифаќање во наведената царинска испостава/царинарница и неговата важност е до неговото отповикување во писмена форма во истата царинска испостава/царинарница.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Важност на полномошното од: | | Датум на отповикување: | |
| Број од евиденцијата на давателот: | | | |
| Датум: | | | |
| Место: | | | |

<u>**Изјава на примателот на полномошно**</u>

| | |
|---|---|
| Примател на полномошно | |
| Седиште: | |
| Одговорното лице: | |
| ЕМБГ: | |
| Одобрение за застапување во царинските постапки бр: | |

**Изјавувам дека**

1. Го прифаќам ова полномошно,
2. Запознат-а сум со одредбите на Царинскиот закон и подзаконските акти во врска со тоа дека царинската декларација мора да биде потпишана од овластено лице и дека застапникот со поднесување на декларацијата ја потврдува точноста на содржаните податоци, автентичноста на приложените документи и придржување кон превземените обврски кои произлегуваат од ставањето на стоките во рамки на предложената царинска постапка, со одговорност на лицето кое ја има потпишано царинската декларација,
3. Се обврзувам да го поднесам ова полномошно во било кое време, на барање од царинскиот орган,
4. Се обврзувам да ги проследам до давателот на полномошно документите поврзани со дејствијата произлезени од ова полномошно, по ставање на стоките во рамки на царинска постапка.
5. Се обврзувам надлежностите прифатени со ова полномошно да ги пренесам само на вработените од компанијата со посебно овластување во писмена форма.

| | | |
|---|---|---|
| **Име и презиме:** | | |
| Број од евиденцијата на примателот: | | |
| Датум: | | |
| Место: | | Потпис и печат |

**<u>Пополнува Царинската управа</u>**

1. Број на внесот во евиденцијата

Датум:

(м.п.)

Потпис

____________________________